Општина Чучер-Сандево врз основа на член 48 од Законот за административните службеници ("Сл.весник на Р.М." бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и "Сл.весник на Република Северна Македонија" бр.275/19,14/20,215/21, 99/22) објавува

# ИНТЕРЕН ОГЛАС ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВЕН СЛУЖБЕНИК БРОЈ 2/2023

1. **Назив на институција** Општина Чучер-Сандево
2. **Основ за објавување на огласот** Унапредување
3. **Број на огласот** 2/2023
4. **Шифра на работно место** УПР 01 01 В02 000
5. **Назив на работно место** Виш Соработник за издавање на одобренија за градење
6. **Број на извршители** (1) Еден
7. **Општи услови за работното место**
   -да е државјанин на Р.М.
   -активно да го користи македонскиот јазик
   -да е полнолетен
   -да има општа здравствена способност за работното место
   -со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.
8. **Посебни услови за работното место:**
   -ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1
   -вид на образование-архитектура, урбанизам и планирање;
   -активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
   -за нивото В2 најмалку 2 година работно искуство во струката;
   -активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).
   -да е оценет со оцена „особено се истакнува„ или „се истакнува„ при последното оценување;
   -да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
   -да поминал најмалку две години на тековното работно место;
   -да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.
9. **Потребни општи работни компетенции на средно ниво**
   -решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг
   -учење и развој
   -остварување резултати
   -работење со други/тимска работа

-стратешка свест
-ориентираност кон странките/засегнати страни
-комуникација, и
-финансиско управување

10. **<u>Распоред на работно време</u>**
Работни денови: понеделник-петок
Работни часови дневно: 8 (осум)
Работни часови неделно: 40 (четириесет)
Работно време: 07:30 - 15:30 часот

11. **<u>Паричен нето износ на збирот од делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво</u>**
26.274,00 денари

12. **<u>Начин и рок на доставување на пријавата</u>**
Заинтересираниот административен службеник поднесува пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата до лицето кое ги врши работите на организационата единица за управување со човечки ресурси во општината, како и на следната меил адреса-marijavelkovska10@yahoo.com
Рокот за пријавување на огласот е 5 (пет) дена од денот на неговото објавување.
Потребната документација да се достави во затворен коверт на следната адреса: Општина Чучер-Сандево, с.Кучевиште.
**<u>Напомена:</u>** Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**---------------------------**
**Сашко Комненовиќ**